Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**



# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНИ ФИНАНСИИ ЗА 2026 ГОДИНА

СЕКТОР АКАДЕМИЈА ЗА ЈАВНИ ФИНАНСИИ



# Содржина


| | |
|---|---|
| 1. ЦЕЛ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА | 3 |
| 2. ФИНАНСИРАЊЕ | 3 |
| 3. НАЧИН И ПЕРИОД НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИТЕ | 4 |
| 4. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ОБУКИТЕ | 4 |

Врз основа на член 49 став 1, член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 96/19, и 110/19, 154/19 и 121/24) и член 6 став (5) од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 203/22, 59/23, 39/24, 76/24, и 272/24 и 3/25), министерот за финансии донесе:

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНИ ФИНАНСИИ ЗА 2026 ГОДИНА

## 1.ЦЕЛ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ОБУКА

Секторот Академија за јавни финансии, согласно своите надлежности, организира и спроведува обуки од областа на јавните финансии наменети за вработените во јавниот сектор, со цел да ги унапреди нивните знаења и вештини за квалитетно испорачување јавни услуги.

Годишната програма за обука во областа на јавни финансии е во насока на зголемување на ефикаста и ефективноста во извршувањето на функциите и законските надлежности утврдени во стратешките документи на Министерството за финансии.
Програмата придонесува кон севкупното спроведување на реформите во јавните финансии и напредокот на евроинтегративните процеси, преку развој на компетенции, знаења и вештини кај вработените од јавниот сектор.
Преку имплементацијата на обуките од оваа Програма се поттикнува ефикасно управување со јавните финансии и континуирано унапредување на квалитетот на јавните услуги, што претставува суштински предуслов за современо и одговорно функционирање на јавниот сектор.

## 2.ФИНАНСИРАЊЕ

Обуките планирани со Годишната програма ќе се реализираат од буџетските средства кои се предвидени за оваа намена, односно од Буџетот на Министерството за финансии.

## 3. НАЧИН И ПЕРИОД НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИТЕ

Обуките ќе се организираат и спроведуваат од страна на секторот Академија за јавни финансии при Министерството за финансии, во периодот јануари-декември 2026 година. Реализацијата ќе се одвива со физичко присуство или онлајн преку електронски платформи, во зависност од природата на обуката и потребите на целната група. Начинот на кој ќе се реализираат ќе биде со лично присуство или онлајн преку електронски платформи.

## 4. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА ОБУКИТЕ

| РЕД. БР. | ТЕМА НА ОБУКА | ЦЕЛНА ГРУПА |
|---|---|---|
| 1 | ПОСТАПКА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ (ВРАЌАЊЕ) ДДВ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА ДОНАЦИИ И СПОНЗОРСТВА ВО ЈАВНИТЕ ДЕЈНОСТИ | Вработени во државните органи кои во рамки на своите надлежности извршуваат работи во врска со јавни набавки и даноци |
| 2 | ФИСКАЛНА СТРАТЕГИЈА | Буџетски корисници |
| 3 | БУЏЕТСКИ ЦИРКУЛАР | Буџетски корисници |
| 4 | ОБУКА НА НОСИТЕЛИ НА ЈАВЕН ДОЛГ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИ ПОДАТОЦИ ЗА СОСТОЈБА НА НИВНИТЕ ДОЛГОВИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВЕН ДОЛГ | Вработени во Сектор за финансии на јавни претпријатија и трговски друштва во целосна или доминантна сопственост на државата |
| 5 | РЕГИСТАР НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИЦИ И УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ ПЛАНОВИ | Буџетски корисници |
| 6 | ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ЈАВНИ ПРИХОДИ | Буџетски корисници |

| РЕД. БР. | ТЕМА НА ОБУКА | ЦЕЛНА ГРУПА |
|---|---|---|
| 7 | ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ | Буџетски корисници |
| 8 | ОБУКА ЗА РАЗВОЈ НА КОНЦЕПТ НА ПРОЕКТ (PCN) И ОСНОВИ НА СЛЕДЕЊЕ НА ПРОЕКТИ | Буџетски корисници и општини |
| 9 | УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ | Раководители и вработени во Единицата за финансиски прашања/ Координатори за управување со ризици |
| 10 | ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА - ОСНОВНО НИВО | Внатрешни ревизори со помало работно искуство во единиците за внатрешна ревизија/новопвработени внатрешни ревизори |
| 11 | ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА-ПРАКТИЧНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА | Раководители и вработени во Единиците за финансиски прашања |
| 12 | ВОВЕД ВО СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕУ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ИПА структури, членови на АФКОС мрежата и институции од областа на заштита на финансиски интереси на ЕУ во РСМ |
| 13 | ОБУКА ЗА СМЕТКОВОДИТЕЛИ ВО ЈАВЕН СЕКТОР | Вработени сметководители во јавен сектор |
| 14 | ПРОЦЕС НА ФИНАНСИСКО ПЛАНИРАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ | Јавни претпријатија во сопственост на државата / трговски друштва во целосна или доминантна сопственост на државата |

| РЕД. БР. | ТЕМА НА ОБУКА | ЦЕЛНА ГРУПА |
|---|---|---|
| 15 | ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД СТРАНСКИ ЗАЕМОДАВАЧ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА КОНКРЕТЕН ПРОЕКТ НА НОСИТЕЛ НА ЈАВЕН ДОЛГ (ПРЕГОВОРИ, ПОДГОТОВКА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ/ ГАРАНЦИЈА И СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ/ГАРАНЦИЈА) | Вработени во надлежните министерства, јавни претпријатија и акционерски друштва во државна сопственост |
| 16 | ИСПОЛНУВАЊЕ НА УСЛОВИ ЗА ЕФЕКТИВНОСТ НА СКЛУЧЕНИТЕ ДОГОВОРИ СО СТРАНСКИ ЗАЕМОДАВАЧИ, ПОВЛЕКУВАЊЕ НА СРЕДСТВА И ПОСТАПУВАЊЕ ПО ДРУГИ ОДРЕДБИ ОД СКЛУЧЕНИТЕ ДОГОВОРИ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ И БИЛАТЕРАЛНИ КРЕДИТОРИ | Вработени во надлежните министерства, јавни претпријатија и акционерски друштва во државна сопственост |
| 17 | ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА ОБВРСКИ | вработени во јавен сектор |

**архивски бр:**
**датум:**

**Министер за финансии**
**м-р Гордана Димитриеска-Кочоска**